# ТЕРАПИЈА СО ЦЕЛА КРВ, ЕРИТРОЦИТНИ КОНЦЕНТРАТИ, ПЛАЗМА И ПЛАЗМА КОМПОНЕНТИ КАЈ БОЛНИ ЛЕКУВАНИ ВО ДНЕВНАТА ТРАНСФУЗИОЛОШКА БОЛНИЦА ВО ШТИП

Камчев Н., Дејанов И., Витларова Ј., Камчева ;., Иванова Л.
РЕ Трансфузиологија, Медицински центар, Штип, Р. Македонија

## ЦЕЛ

За корекција на анемичниот синдром или супституција на одредени фактори при коагулопатии, хоспитализирани се болни во дневната трансфузиолошка болница која отпочна со работа пред 10 години.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во изминатите 10 години во дневната трансфузиолошка болница лекувани се вкупно 1335 болни и остварени 5668 болнички денови. Во просек секој болен има поминато по 4,24 дена, а искористеноста на капацитетот изнесува 73,25 %. Поради природата на болестите на хоспитализираните пациенти посттрансфузиските реакции се почести.

## РЕЗУЛТАТИ

За корекција на анемичниот синдром или супституција на одредени фактори лекувани се 1000 пациенти со цела крв, еритроцитни концентрати, плазма и плазма компоненти припремени во РЕ Трансфузиологија во Штип.

## ЗАКЛУЧОК

Нашето искуство јасно покажа дека е потребно да се напушти хоспиталното (одделенско) лекување на вакви болни. Таму каде постои соодветен стручен кадар и соодветни просторни услови потребно е отварање на дневни трансфузиолошки болници.